**Концентрација со која Интернешенал Пејпер Компани САД ќе стекне контрола над**

**ДС Смитх Плц, Обединето Кралство**

**(предмет бр. 08-117/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 13.08.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Интернешенал Пејпер Компани, со седиште на 6400 Поплар Авенуе, Мемфис, Тенеси 38197, Соединети Американски Држави *има намера да стекне самостојна контрола директно* над, ДС Смитх Плц, со седиште на 3 кат, 1 Педингтон Сквер, Лондон, Обединетото Кралство W2 1DL по пат на стекнување на акции.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

Интернешенал Пејпер Компани е глобално и водечко друштво за хартија и амбалажа, активна во производството на амбалажа на база на обновливи влакна, целулоза и производи од хартија, вклучувајќи обложен и необложен картон, картонски табли и брановидна амбалажа.

Интернешенал Пејпер Компани нема регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија.

ДС Смитх Плц е крајното матично друштво на ДСС Групацијата („**Групата ДСС**"). Групата ДСС е меѓународен снабдувач на одржливо пакување базирано на влакна главно во Европа и Северна Америка, кое е поддржано од операции за рециклирање и правење хартија.

Групата ДСС вклучува едно регистрирано поврзано друштво – Друштво за производство на хартија и амбалажа ДС Смитх АД Скопје, со регистрирано седиште на ул. 1632 бр.1, Скопје – Гази Баба, Гази Баба, Северна Македонија. и со регистрираната дејност ДС СМИТХ АД – Производство на брановидна хартија и картон и на амбалажа од хартија и картон.

Подносителот на известувањето смета дека како релевантни пазари за предметната концентрација би можел да се дефинира како пазар за набавка на брановидни пакувања и пазар за влакна од целулоза.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

16.08.2024 година
Скопје